"

ООУ Ѓорѓија Пулевски

ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ„

Бул. Јане Сандански бр. 27А, Скопје
тел.02/ 2444-415 e-mail gpulevski@yahoo.com

# ПРОГРАМА

за

## ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА

### за учебната 2025/2026 учениците од VI одделение



### 1.Воспитно образовна цел на дводневната екскурзија

Екскурзијата има за цел учениците од шесто одделение од општинското основно училиште „Ѓорѓија Пулевски“ од Скопје да се запознаат со особеностите на нашата татковина во нејзината источна територија, природните убавини и стопанските субјекти, запознавање со животот и работата на луѓето во тие места во Р. С. Македонија. Приордните убавини ќе ги запознаеме преку директна посета на Беровското езеро и археолошкиот локалитет во Пехчево, потоа Колешинските и Смоларските водопади и други знаменитости во Струмица и Дојран како и нивното значење за развој и привлекување на туристи. Животот и работата на луѓето ќе ги запознаеме со минувањето низ Вардарски рид и Дојранското езеро како главен и значаен земјоделски регион во нашата земја. Културните и духовните вредности на луѓето од овој крај ќе ги запознаеме преку посетата на манастирите.

Сето ова е со единствена цел за проширување на знаењата на учениците, примена на вештините и ставовите преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитно образовната работа на нашето училиште.

## 2. Задачи

- социјализација и стекнување на искуства за осамостојување;
- развивање интерес за природните убавини на Р.С.Македонија и негување на љубов кон татковината;
- развивање на позитивен однос кон националните културните и естетските вредности
- запознавање со стопанските објекти и начинот на нивна работа;
- посета на културно историски споменици и запознавање со културното наследство на Р. Македонија;
- градење еколошки навики за заштита на животната средина;
- развивање на чувство за колективна заштита, патриотизам толеранција и соживот;
- грижа за себе;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции од ученик кон соучениците но и кон останатите повозрасни групи;
- зближување и негување релаксирани односи со своите наставници и останатите во услови надвор од училницата и ученичките клупи.

## 3.Содржини и активности:

Се предвидуваат следниве активности по овој флексибилен редослед за остварување на горенаведената цел:

Прв ден - од 08:00 часот до 08:30 постројување на учениците по паралелки и безбедно сместување по назначен распоред во туристички автобусот за подолги релации.

08:30 Организирано тргнување од пред училиштето „Ѓоргија Пулевски” во општина Аеродром-Скопје

Патот продолжува кон Струмица и Дорјан, преку Берово и Пехчево

1-ДЕН

- Посета на Пехчево: Едукативенен центар за зачувување на природата во Брегалничкиот регион во село Негрево – општина Пехчево и археолошкиот локалитет и Манастирот Св. Петка во Пехчево.
- Посета на Струмица: Колешински водопади и Смоларски водопади.Ноќевање во Дорјан.

2-ДЕН

- Посета на Неготино: ТЕЦ Неготино.
- Посета на Велес: Велешко езеро, Спомен куќа на Кочо Рацин

## 4. Времетраењето на екскурзијата

Екскурзијата ќе трае два дена со едно ноќевање и ќе се реализира во месец мај 2026 год.

## 5. Екскурзијата ќе ја реализираат

Наставниците и учениците од шесто одделение при ООУ „Ѓоргија Пулевски“, под раководство на директор Александар Филипчев и тимот за екскурзии составен од одговорен наставник Верка Ангелова и одделенски раководители од шесто одделение .

## 6. Начин на финансирање

Екскурзијата ќе се реализира со финансиски средства од родителите.

## 7. Место и време на одржување

Екскурзијата ќе се реализира во период на месец мај 2026 год.